КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ 23.11.2015 година, на седница одржана на ден 11.03.2016 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-234/2-5
14.03 2016 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Јавното наддавање кај извршителот согласно одредбите од Законот за извршување подразбира општа јавност во смисла на начелото на јавност по член 4 од Законот за парничната постапка кој супсидијарно се применува во извршувањето согласно член 10 од Законот за извршување.
Извршителот може да ја исклучи јавноста од наддавањето во случаите од член 293 од ЗПП при што заради потребите за одржување на редот овластен е да побара помош од полиција по чл. 76 од ЗИ.
Јавноста ќе биде присутна во онаа мера во која дозволуваат просторните услови во кои се одржува наддавањето.
Извршителот за исклучување на јавноста е овластен да одлучи со Заклучок.
Извршителот е должен при донесување на одлука за присуство или исклучување на јавноста, да води сметка пред се за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката и нивните семејства.

Сите признаени побарувања или пак оспорени и упатени на спор а подоцна утврдени од страна на парничен суд доколку имаат клаузули на правосилност и извршност претствуваат извршен наслов .

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Зоран Петрески

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com